373.513.224:93

Славка ВЕЛЈАНОВСКА
Петранка МАКСИМОВСКА

# ПРИМЕНА НА ТЕКСТ — КНИГА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

(Методска единица во I година на средното образование)

Примената на текст — книга во наставата по историја овозможува менување на авторитарниот стил на работа и прифаќање, објаснување и поддржување на идеите и чувствата на учениците, стимулирање на нивното активно учество во наставата и упатување за самостојна и истражувачка работа, како и користење на текстот — книга како извор на знаења во слободното време.

Во наставата по историја може да се применат следните форми на работа со текст — книга:

1. Заедничка работа на учениците и на наставниците на текстот — книга;
2. Самостојна работа на учениците со текст — книга (индивидуална или групна);
3. Самостојна работа на учениците со текст — книга во слободното време.

Преку конкретен пример ќе дадеме методска обработка на содржината „МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“ од темата Старата македонска држава, со заедничка работа на учениците и на наставниците на текст — книга. Оваа форма на примена ја анимира наставната работа, ја прави интересна, го поттикнува интересот кај учениците за содржината што се проучува, а во секој случај ја подига целокупната наставна работа на едно повисоко ниво.

Заедничката работа на учениците и на наставниците со текст — книга во праксата се јавува, најчесто, во две варијанти: Компаративно проучување на одредени историски информации, како увод во анализа и расправа по нив и Текстот — книга како увод во проблемот, кој наоѓа примена во сите теми.

## Структура на наставниот час

### I Вовед

Часот го започнуваме со компаративна анализа на текстот (извадок) од книгата АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ, од С. Настасиевиќ:

„Од некаде се појави и Аристандер, гатач и пророк, наметнат со бело наметало со многу набори. Му се поклони на кралот и рече:

— Чувај се, Филипе, татко на македонскиот народ и крал на сите кралеви! **ТВОЈОТ СИН ЌЕ ТЕ ПРЕСТАСА!**

— Нека дадат боговите — се насмеа Филип. . ."

Пред учениците поставуваме задача: Врз основа на знаењата од претходната методска единица — Македонската држава од Пердика до Филип I Македонски, сами да заклучат што кажуваат зборовите на Аристандер: **Твојот син ќе те престаса!**

Толкувањето на реченицата ја поткрепуваме и со следната: „Тоа беше коренот (војската на Филип) која по дваесет години ќе го зачуди светот".

Од книгата Историја на македонскиот народ ја поткрепуваме горната констатација на Аристандер:

„Неговите походи го рашириле името на Македонја до такви размери, што тоа наполно му се наметнало на целото културно наследство".

На табелата го запишуваме насловот на методската единица: „Македонската држава во времето на Александар Македонски".

### II Главен дел

Ја поставуваме следната диспозиција за групна форма на работа на учениците:

1. Да ги утврдат воените походи на Александар III Македонски
2. Да ја уочат разликата на владеењето од времето на Александар и Филип Македонски.

За разработка на овие аспекти на учениците им се разделува потребен материјал. Секоја група добива: Материјал за македонската држава за време на Александар III Македонски, карта на територијалното ширење на македонската држава и текстови од книгата Александар Македонски (извадоци).

Врз основа на материјалот групите ги решаваат следните задачи, односно одговараат на следните прашања:

**I група**

1. Како започнува планираниот воен поход на исток? Наведете ги воените походи на Александар Македонски.
2. Кои се позначајните битки во воените походи на Алксеандар Македонски? (место и година).

**II група**

1. Какво било општественото уредување на македонската држава за време на Александар Македонски?
2. Државата на Александар III Македонски во себе вклучила големи територии на кои имало земји со различно општествено уредување.
   Наведи за какви општествени уредувања станува збор.

**III група**

1. Големите и брзи воени успеси на Александар ја потхранувале кај него надежта дека лесно ќе го „освои светот".
   — Што сакал да направи со освоените земји?
   — Каква држава сакал да направи?
2. Наведи ги особеностите на државното уредување и управување во Македонија за време на Александар III Македонски.

**IV група**

1. Кои се главните одлики на македонската војска за време на владеењето на Александар III Македонски?
2. Наведете примери од воената стратегија на Александар.

**V група**

1. Во што се состои улогата и значењето на македонската држава за време на владеењето на Александар III Македонски?
2. Зошто Александар бил предмет на многу легенди?

Во работата на групите се одвиваат следните активности:
— индивидуално разработување на неопходните факти;
— колективно донесување на решенија, односно одговори на прашањата;
— дискусија по одговорите, корекции и изведување на заклучоци.

По групната работа следува колективна дискусија по изнесените извештаи на групите. Заклучоците од секоја група се запишуваат на табла:

1. **Воени походи на Александар III Македонски**

— Воен поход на Персија
Битката кај Граник — 334 год.;
битката кај Ис — 333 год.
— Воен поход на Феникија;
— Воен поход на Сирија;

— Воен поход на Палестина;
— Воен поход на Египет;
— Воен поход на Вавилонија
Битката кај Гавгамела — 331 год.;
— Воен поход на Индија.

2. **Општественото уредување на македонската држава**

— Робовладетелско уредување, државна монархија;
— Првобитна заедница во распаѓање.

3. **Особености на државното уредување и управување во Македонија**

— Обид за создавање на единствена светска држава на рамноправни народи;
— Централизирана монархија.

4. **Главни одлики на македонската војска**

— Тешковооружена пешадија (македонска фаланга);
— Нови видови оружје и направи за опсада;
— Војничка дисциплина;
— Нова воена тактика и стратегија

**Примери:**

1. „Александар победува чесно, по дневна светлина. Тој не ги краде победите";
2. „Што поблиску до непријателот, помалку гинења"

5. **Улогата и значењето на македонската држава**

— Обид за „светска држава";
— Мешање на разни култури
Создавање елинистичка култура;
— Вкрстување и соединување на елементи и влијанија на елинско со ориентално, политичко и социјално-економско уредување;
— Се изградиле нови градови (70) и се создавале други со обединување на повеќе мали градови или населби: Тесолоники (Солун), Александрија и др.
— Походите го рашириле и закрепиле името на Македонија до такви размери што тоа наполно му се наметнало на целото културно наследство;
— Походите на Александар и неговиот трагичен крај направиле од него образец за херој и предмет на многу легенди и фанастични романи.

## III. Завршен дел

Во завршниот дел од часот преку фронтална работа се задржуваме на личноста на Александар Македонски.

Во историјата, Александар III Македонски е забележан како ИЗВОНРЕДНА ЛИЧНОСТ. Преку разни извадоци од книгата „Александар Македонски" тоа го поткрепуваме:

Бил одличен војсководец. „Македонските војници го сакале кралот Филип, но љубовта што ја покажале кон Александар ги доведувало до восхитување".

Александар покажувал голема грижа за своите војници. „Додека ги обиколувал ранетите, секој лично го прашувал како се борел и како е ранет. Така на секого му даде можност да раскажува пред кралот и да го истакне своето јунаштво".

Александар бил одличен стратег. „Кога почнале по македонските војници да плискаат стрели, Александар за да го избегне нивното убиствено дејство, викнал со цел глас:

— Напред Македонци! Што поблиску до непријателот помалку гинења! . . ."

Големите победи на Александар историјата ги пренесува од поколение на поколение.

„Александар победува чесно, по дневна светлина. Тој не ги краде победите".

Легендарноста на воените походи на Александар и неговиот трагичен крај во цветната младост направиле од него ОБРАЗЕЦ НА ХЕРОЈ И ПРЕДМЕТ НА МНОГУ ЛЕГЕНДИ И ФАНАСТИЧНИ РОМАНИ. Како што рекле неговите официри „Александар сакаше да дојде до крајот на светот и таму да го снема.

Тој е луд — му рече еден ден Филота на Клит.

— Не, не е луд — одговорил Клит — Тој само сака да биде бог".

Александар имал високи дарби: бил снаодлив, мудар и паметен човек. Го читаме извадокот од книгата, преку кој најдобро може да се уочат овие особини:

„Најстариот меѓу пророците, свртувајќи го лицето кон сонцето, замижа и со достоинствен глас рече:

— Кралу македонски, непобеден владетелу на непобедената војска. Пророчиштето, славејќи го кралот Гордија и неговиот крал Мида, еднаш засекогаш даде збор: Кој ќе го одврзе овој јазол, ќе владее со цела Азија. . ."

— Александар, бидејќи ги почувствувал погледите на своите официри, и без тоа суеверие, почнал да го гледа и да го фаќа јазолот од кој ниедно крајче не можеше да се види. Најпосле на изненадување на пророците и другите присутни, го извади мечот и го пресече преку половина јазолот. Се покажаа многу краеви. Кралот почна да ги вади и извлекува и го одврза јазолот.

Најстариот пророк, Телкешанин, изненаден од чудото и светејќи со очите, сакаше да фрли клетва врз кралот. Но, гле-

дајќи како Македонците сите до еден ги спуштија рацете на рачките од своите мечеви, ја промени одлуката, ја проголта клетвата и со благ израз на лицето му се обрна на Александар:

— Синко, ти ќе бидеш господар на Азија"

Славата на Александар III Македонски останува вечна. Ете зошто неговото име останува како најсветла точка во историјата на македонскиот народ. Неговите војници сметале дека најголема среќа е да се загине за кралот, зошто Александар сите го сметале за НАДЗЕМНО СУШТЕСТВО. Во тоа време почнаа да кружат приказни и легенди што се пренесувале на подоцнежните поколенија", легенди и приказни што и денес го побудуваат нашиот интерес.

На крајот ги упатуваме учениците на констатацијата дека Александар III Македонски останува во историјата како извонредна личност преку извадокот во кој Александар го прашал Калистен:

„Кажи ми филозофу, какво е твоето мислење за Зевс, Херакле и Александар?

Калистен веднаш одговорил:

— Зевс е невидливо божество и поради тоа сите се плашат и го почитуваат. Херакле станал бог дури откако пророчиштето во Делфи им наредило на луѓето да го обожаваат. Александар е човек, најдостоен од сите што сум ги сретнал во животот. Неговата способност да војува и владее ги надминува сите кралеви што живееле кога било на земјата. Да го пуштиме, значи, да владее во животот, а да го обожаваме кога ќе умре! ... Зошто човек не може да стои меѓу боговите".

Александар III Македонски владеел од 336 год. Умрел по дваесет години и осум месеци од своето бурно владеење во 323 год.